**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
бул.„Гоце Делчев“ бр.18,1000 Скопје тел. 55 11 798, факс. +55 14 474

**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр.02-1975/**

# З А П И С Н И К

**Од 276.седница на Програмскиот совет на Македонска Радио Телевизија одржана на ден 28.03.2025 година.**

**ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:**
проф. д-р Смилка Јанеска Саркањац-Претседател на Програмскиот совет на МРТ**(скајп)**, Ведат Мемедалија-Заменик претседател на Програмскиот совет на МРТ,Снежана Клинчарова**(скајп)**,м-р Ристе Панов,Гајур Рамадани,Илир Рамадани,Златко Јанковски**(скајп)**,Селпин Керим,Ивана Трајковска**(скајп)** и Анита Латифи.

**ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:**
д-р Агим Лека

**ДРУГИ ПРИСУТНИ:**
Еран Хасип-Одговорен уредник на Четврт програмски сервис МТВ и Себахат Нухиу-Одговорен уредник на Трет програмски сервис МРА.

Седницата започна во 13.00 часот.
Заменик Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Ведат Мемедалија го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет на МРТ го разгледа дневниот ред.
Програмскиот совет на МРТ едногласно го усвои и продолжи со работа по следниот дневен ред

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на Записникот од 275.седница на Програмскиот совет на МРТ.

2. Извештај за реализација на Програмата за работа на ЈРП МРТ за 2024 година.

3. Разгледување на извештаи од редовен програмски и административен надзор на МРТ од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

4. Разно.

**ТОЧКА 1:Разгледување и усвојување на Записникот од 275.седница на Програмскиот совет на МРТ.**
Заменик Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Ведат Мемедалија го стави на разгледување записникот од 275.седница на Програмскиот Совет на МРТ.
Членот Ристе Панов имаше забелешка по однос на записникот.
По расправата записникот од 275.седница на Програмскиот совет на МРТ беше ставен на гласање.
Програмскиот совет на МРТ по извршеното гласање едногласно **го усвои** записникот од 275.седница на Програмскиот Совет на МРТ со констатираните забелешки.

**ТОЧКА2:Извештај за реализирана програма за работа на ЈРП МРТ за 2024 година.**.
Заменик Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Ведат Мемедалија на почетокот на своето излагање по оваа точка ги покани и им даде збор на Одговорните уредници на Четвртиот програмски сервис МТВ и на Третот програмски сервис МРА.
Еран Хасип Одговорен уредник на Четврт програмски сервис МТВ прв зема збор и објасни пред присутните дека иако Четвртиот програмски сервис МТВ се соочува со големи кадровски и технички проблеми, успеа да ја релизира програмата скоро во целост која беше предвидена за 2024 година.И како најголем проблем го посочи недостатокот на кадри и воопшто ресурсите и доколку нема вработување во најбрз рок ќе нема кој да создава програма.
Потоа зема збор Себахат Нухиу Одговорен уредник на Трет програмски сервис во Македонското радио која пред присутните објасна дека со една тимска работа програмската шема односно целата програма која беше предвидена за 2024 година за Трет програмски сервис на МРА е реализирана на најдобар начин и според правилата и одредбите на МРТ и законите во државата.Новина која ни остана нереализирана а која сакаме сега да ја примениме е Подкаст, но реалзиацијата ќе биде проблем бидејќи сеуште немаме веб сајт.
Членовите на своетот се надоврзаа дека ова е добра идеја, а Заменик Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Ведат Мемедалија даде предлог да се разговара со уредниците на МТВ2 да се отстапи простор на нивната Веб страна и таму да би се емитувал подкастот.
Членот Илир Рамадани постави прашање околу техничките проблеми со кои се соочуваше Третиот програмски сервис во Македонското радио а околу сигналот.
Уредничката одговори дека сеуште има помали проблеми, но е реагирано на исхтитуциите и ни укажаа дека се работи на истиот проблем и очекуваме да се реши.
За збор се јави Снежана Клинчарова и нотираше дека одговорните уредници на првиот и вториот програмски сервис на МРА повторно не присуствуваат на седница на Програмскиот совет, барам да биде изготвена информација за тоа како се најде 103-ка на програмата на втората програма на МРА? Се во врска со уредувачката политика од една и слободарскиот дух на 103-ка. Особено што тие беа учесници и поддржувачи на шарената револуција на кои им беше забранет влез во МРТ, дотолку повеќе што и денеска нашето општество е во многу чувствителна состојба по големата трагедија во Кочани.

**ТОЧКА3: Разгледување на извештаи од редовен програмски и административен надзор на МРТ од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**
По однос на оваа точка образложение даде членот Ристе Панов кој кажа дека Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги извршила административен и програмски надзор на македонското радио 1, 2 и 3 програмски сервис на ден 21 февруари 2025 година и на петте програмски сервиси на македонската телевизија, освен за собранискиот канал на ден 27 јануари 2025 година.
По оваа точка тој даде образложение дека член 64, член 90 и член 92 став 4 од законот за ААВМУ се однесуваат за обврските за употреба на јазикот во програмите, дневно емитување најмалку 18 часа програма на радио и дневно емитување на законски утврдениот процент изворно создадена музика, и се однесува за извршен редовен програмски надзор врз радио програмските сервиси на МРА1, МРА2 и МРА3.

Ристе Панов исто така посочи дека е извршен административен и програмски надзор врз основа на почитувањето на член 14 од Закон за медиуми, член 51 став 1 и член 97 од ЗААВМУ, како и членовите 53, 54, 55, 98, 99 и 101, член 52, член 93 и член 94 од ЗААВМУ, врз радио програмските сервиси на МРА1, МРА2, МРА3, за законските обврски коишто се однесуваат на објава на импресум, информации коишто треба да се направат достапни до корисниците и објава на идентификација на радиодифузер, за почитувањето на правилата при емитување аудиовизуелни комерцијални комуникации, заштита на малолетната публика, користење телефонски услуги со додадена вредност и телефонско гласање, емитување игри на среќа и обезбедување квизови или други облици на наградно учество. Од извештаите при надзорите не се констатирани прекршувања на обврските од ЗААВМУ и Законот за медиуми по сите овие членови.
Се разгледуваа извештаите на ААВМУ за редовен програмски надзор врз МТВ1, МТВ2, МТВ3, МТВ4 и МТВ5. Ристе Панов кажа дека со овие извештаи на Агенцијата се опфатени член 50 став 3, членови 53, 54, 55, 98, 99 и 101, член 52, член 93 и член 94 од ЗААВМУ, кои се однесуваат за почитување на правилата при емитување аудиовизуелни комерцијални комуникации, заштита на малолетната публика, користење телефонски услуги со додадена вредност и телефонско гласање, емитување игри на среќа и обезбедување квизови или други облици на наградно учество и врз основа на нив е извршен надзор врз петте телевизиските програмски сервиси на МТВ. При извршените надзорите не се констатирани прекршувања на обврските од ЗААВМУ и Законот за медиуми по овие членови.
Потоа се пристапи кон разгледување на Извештаите на ААВМУ за редовен административен надзор врз МТВ1 МТВ2, МТВ3, МТВ4 и МТВ5, додека за собранискиот канал не е извршен административен надзор. Членот Ристе Панов посочи дека Агенцијата извршила административен надзор за почитување на член 14 од Закон за медиуми, член 51 став 1 и член 97 од ЗААВМУи тие се однесуваат за законските обврски за објава на импресум, информации коишто треба да се направат достапни до корисниците и објава на идентификација на радиодифузер, врз петте телевизиските програмски сервиси.Од разгледаните извештаи не биле констатирани прекршувања наобврскитеод овие членови од ЗААВМУ и Законотзамедиуми, освен за МТВ 3по член 51 став 1 од ЗААВМУ, кој во кој во извештајот е евидентирано дека радиодифузерот не гиобезбедилинформациитешто треба да им се направатдостапни на корисниците, односно не им овозможилесен, директен и постојанпристапнајмалку до следнивеподатоци: - полнотоиме на давателот на аудиовизуелнатамедиумска услуга; - адресата на седиштето на давателот на аудиовизуелнатамедиумска услуга; - податоци за контакт (телефонскиброј, адресана електронскатапошта и/или на веб-страницата; - одговорното лице за брзо, директно и ефикасностапување во контакт) и за надлежноторегулаторно тело. После извештајот, Агенцијатаимаизготвено и објавено на ден 20.02.2025 година Решение за јавнаопомена на Третиотпрограмски сервис на МТВ, во кое му се дава рок од 20 дена да гоусогласисвоетоработење, а по истекот на овој рок Агенцијатаќеспроведе повторен контролен надзор.Досега се уште нема објавеноАгенцијата, дали гоимаизвршеноовојконтролен надзор и дали констатиралаотстранување на прекршувањето.

**ТОЧКА4:Разно.**
Со оглед на фактот дека МРТ е огледало на општеството, а и заради поквалитетна изработка на материјалот со заклучоците за работата на Програмскиот совет,Снежана Клинчарова предложи **Заклучок:**
Да се доставаат следниве информации:
- Прецизна информација за кадровската структура на МРТ.

Вкупен број на вработени, старосна структура, етнички состав. Како се распоредени според организационата шема (единици), според програмските сервиси и редакции, со назнака за оние вработени кои според систематизација се водат на едно, а работат на друго работно место.

Колку вработени има според договор на дело и други надворешни соработници, вклучително и оние што се постојано ангажирани за студиските емисии реализирани со новите технологии.
-Табеларен приказ на движењето на бројот на вработените по години, почнувајќи од 2014 г.
- Да ни биде испратена петгодишната стратегија на МРТ.
-Заклучокот беше едногласно усвоен од страна на Програмскиот совет на МРТ.

Седницата заврши во 14.20 часот.

Записничар
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

Ведат Мемедалија
заменик претседател